**20202783740**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 394 алинеја 17 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ НА БАРАЊАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА И ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУЃО МОТОРНО ВОЗИЛО ВО СТРАНСТВО, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА И ОДОБРЕНИЕТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУЃО МОТОРНО ВОЗИЛО ВО СТРАНСТВО

Член 1

Во Правилникот за изменување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на барањата за издавање на меѓународната возачка дозвола и одобрение за управување со туѓо моторно возило во странство, како и формата и содржината на образецот на меѓународната возачка дозвола и одобрението за управување со туѓо моторно возило во странство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/20), во член 1 зборовите: „1 октомври 2020 година“ се заменуваат со зборовите: „1 февруари 2021 година“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-89930/1
16 ноември 2020 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.